# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани *
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk • info@kocani.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 04-195/6
26.01.2024 год.
КОЧАНИ

## ЗАПИСНИК
### од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 26.01.2024 година со почеток во 09:00 часот во службена просторија на Општина Кочани пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Секретарот на Општина Кочани со арх. бр. 04-195/3 од 22.01.2024година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата е во следниот спостав:

- **Александар Велков -** Овластен комунален инспектор во Одделение за инспекциски служби – ментор на кандидатот за инспектор
- **Жаклина Пауновска Анѓелковиќ** – Овластен инспектор за патен сообраќај во Одделение за инспекциски служби
- **Лета Георгиевска** – Овластен инспектор за животна средина во Одделение за инспекциски служби
- **Влатко Серафимов** – член од областа на животна средина и заштита на здравјето на луѓето – номиниран член од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Љупчо Стаменков на работно место Овластен градежен инспектор во Одделението за инспекциски служби во Општина Кочани.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Љупчо Стаменков изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Љупчо Стаменков, комисијата ги утврди освоентите бодови и тоа:

- Планирање и подготовка за инспекцсиски надзор **– 13 бодови**
- Спроведување на инспекциски надзор – **28 бодови**
-Затворање на инспекциски надзор **– 28 бодови**
-Документирање на инспекциски надзор – **13 бодови**

Комисијата констатира дека кандидатот Љупчо Стаменков го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени **82 бодови**.

Полагањето на практичниот дел од испитот се рализираше во време:

Почеток во 09:00 часот на ден 26.01.2024 година

Завршување во 11:30 часот на ден 26.01.2024 година

Комисија за полагање на практичен дел од испит за инспектор:

**1. Александар Велков** ______________________

**2. Жаклина Пауновска Анѓелковиќ** ______________________

**3. Лета Георгиевска** ______________________

**4. Влатко Серафимов** ______________________